57244





СО ПАРИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

# Реновирањето на Музејот на современата уметност стартува во февруари

## Парите се дел од донаторски пакет вреден 3 милиони евра од италијанската влада, наменет за повеќе институции во Македонија

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Ревитализацијата на Музејот на современата уметност ќе почне во февруари, со пари што ги донира италијанската влада. Со капиталната донација од 3 милиони евра ќе се санира покривот на Музејот и ќе се ревитализира објектот, ќе се интензивира културната соработка со Италија и ќе се формира Регионален центар за дигитализација на културното наследство во Југоисточна Европа, вели Емил Алексиев, директор на МСУ.

- Од донацијата, рамносилно ќе биде употребена по една третина од парите за секој од трите проекти. Во пакетот се вклучени повеќе институции од земјава - вели Алексиев.

Италијанската донација ја договорија претседателот Бранко Црвенковски и генералниот секретар на УНЕСКО, Коичиро Мацура, на регионалниот форум „Културни коридори во Југоисточна Европа - заедничко минато и споделено наследство, клуч за идното партнерство", што се одржа во Варна, во мај годинава.

Алексиев вели дека парите ќе бидат искористени за три цели: „хард" компонента - поправка на покривот и ревитализација на МСУ, „софт" компонента - соработка со Италија за конзервација, маркетинг, менаџмент, семинари, предавања, размена на културни настани и за Регионален центар за дигитализација на културното наследство во Југоисточна Европа, што ќе биде сместен во просториите на МСУ.

- Музејот на современата уметност има колекција од околу 5.000 уметнички дела од автори од 62 земји. За тие да бидат изложени објектот мора физички да се ревитализира. Зградата е многу оштетена од небрежност во текот на 90-тите години, а веќе пет години е во критична состојба. Три години се обидуваме да обезбедиме донација од меѓународните фондови. Конечно ангажманот се исплатеше. Поправката треба да почне во февруари - објаснува Алексиев.

Тој нагласува дека е многу важно зградата да се санира, бидејќи тоа е услов да се донесат изложби од странство.

- Галерискиот простор мора да биде според европски стандарди - системите за осветлување, за греење, безбедносните системи - вели тој.

Санацијата ќе се одвива според проект што МСУ (во форма на виртуелната 3Д-анимација) го промовира на почетокот на минатата година. Со интервенциите во ентериерот нема да се менува архитектонскиот изглед на зградата и максимално ќе биде искористен сиот расположлив простор во кој може да влезе публиката. Ќе бидат санирани фасадата и ентериерот на објектот. Во внатрешноста, во една од салите ќе биде поставена коса рампа што ќе води до нова галерија - простор во кој во моментот е сместена инсталација што не функционира. Таму треба да биде поставена постојаната поставка на уметнички дела од колекција на МСУ. Проектот го подготви архитектонското биро „Мегарон", а автори на проектот се Предраг Андонов и Бујар Муча. Кирил Цеков ја направи 3Д-анимацијата, а графичкиот дизајн е на Билјана Петрова.

Музејот на современата уметност е формиран во 1964 година, а изграден е шест години подоцна. Објектот со површина од 5.560 квадратни метри ја сочинуваат три поврзани крила, во кои се распоредени неколку изложбени сали, различни по големина. Музејот е проектиран како атрактивен објект, замислен да биде регионален центар на уметноста и културата.



Легените и кофите конечно нема да бидат декор во МСУ